Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Конститутивната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 16.4.2018 година

Скопје, април 2018 година

# З А П И С Н И К
## од Конститутивната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 16.4.2018 година

Седницата започна во 09:00 часот.

Со конститутивната седница претседаваше најстариот по години член на Советот од редот на организациите Јасна Мандиќ – Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Катерина Јовчевска – Министерство за финансии, Софија Кузмановска – Министерство за економија, Маја Лазареска Јовеска – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ангелина Бачановиќ- Министерство за здравство, Ели Чакар – Министерство за локална самоуправа, Гордана Ивановска Велковска – Министерство за култура, Сашо Секуловски – Министерство за животна средина и просторно планирање, Гордана Гапиќ – Димитровска – Министерство за информатичко општество и администрација, Суеда Бајрами – Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Фани Каранфилова Пановска – Фондација Отворено општество Македонија Скопје, Сабина Факиќ – Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Уранија Пировска – Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Марјан Николов – Центар за економски анализи Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска - Македонско научно друштво Битола, Зоран Илиески – Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев – Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Ирена Цветковиќ – Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска - Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски – Здружение Рурална коалиција Куманово, Ана Чоловиќ Лешоска - Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Силвија Митевска - Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје, Андреја Стојковски - Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк- Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска – Министерство за внатрешни работи, Миљазим Мустафа – Министерство за правда, Сафет Незири – Министерство за образование и наука, Душан Томшиќ – Министерство за труд и социјална политика, Христина Конеска Бероска – Секретаријат за европски прашања, Јане Чаловски – Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Бесим Небиу – Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На конститутивната седницата на Советот присуствуваа и: Сања Богатиновска – Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, Маја Петковска Лесес – Кабинет на Министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Никола Бертолини – Делегација на Европска унија, Ирена Иванова – Делегација на Европска унија, Снежана Колекеска – Делегација на Европска унија, Александра Крстеска – Национален демократски институт, Филип Чапароски – Национален демократски институт, Немања Релиќ - Канцеларија за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска и Дарија Мариќ - Канцеларија за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска и претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска и Елпида Петковска.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**Свечен дел**

Воведен збор и претставување на членовите на Советот

- Поздравно обраќање на г-ѓа Радмила Шекеринска Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана

**Работен дел**

1. Предлог-Деловник за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
2. Прашања и предлози

*

* *

Конститутивната седница ја отвори и со неа претседаваше Јасна Мандиќ, како најстар по години член на Советот од редот на организациите, која ги поздрави присутните членови и гости и напомена дека Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3.4.2018 година донесе Решение за назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, бр.24-3999/1.

На седницата поздравно обраќање имаше г-ѓа Радмила Шекеринска-Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, која истакна дека членовите на Владата седниците на Советот не ги гледаат како формалност, туку како начин преку кој со соработка со граѓанскиот сектор може да се помогне во остварување на Владините приоритети. Таа подвлече дека Советот не е само средство на граѓанските организации за постигнување поголема гласност и влијание, туку и начин до Владата да пристигнат повеќе информации и различни мислења за силен инклузивен дијалог, како многу потребен за Република Македонија. Потсетувајќи на притисокот, кој врз граѓанскиот сектор се вршеше во минатото, Шекеринска подвлече дека актуелната Влада се заложува да се елиминира однесувањето во кое граѓанските организации се сметаат за непријател на државата, затоа што критикуваат некого од власта, нарекувајќи го тоа однесување како антидемократско, антиевропско и антидржавно.

Г. Никола Бертолини, раководител на Одделот за соработка на Делегацијата на Европската унија ги поздрави присутните и истакна дека воспоставувањето на Советот преставува значајно достигнување пред објавувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на државата. Како предизвици во работата на Советот тој ги посочи нивото на членовите од редот на органите на државната управа кои треба да ги застапуваат ставовите на своите институции но и да имаа овластување да одлучуваат и прашањето за пренесување на информациите за работата на Советот и застапувањето на ставовите на граѓанските информации од страна на членовите од редот на организациите. Бертолини истакна дека Делегацијата на ЕУ ќе ја следи и поддржува работата на Советот.

## <u>Точка 1</u>

Во работниот дел на седницата, членовите расправаа по Предлог-Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, што беше доставен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, како работен текст, подготвен со поддршка на твиниг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор" спроведуван од Одделението за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска.

Во текот на дискусијата по оваа точка од дневниот ред Јасна Мандиќ и Гордана Гапиќ-Димитровска предложија членовите на Советот да доставаат писмени забелешки во рок од една недела, а. Уранија Пировска предложи да се формира работна група што ќе го финализира текстот на Деловникот. Фани Каранфилова-Пановска го поддржа предлогот за формирање на работна група за изработка на Деловникот, при што како прашања што треба да бидат уредени во него ги посочи: типот на документи што ќе се разгледуваат од страна на Советот, во која фаза од нивното усвојување ќе бидат разгледувани и начинот на комуникација со граѓанските организации. Андреја Стојковски побара временски да се интензивира подготовката на Деловникот како основа за работа на Советот.

**Заклучоци:**

1. Се задолжуваат членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да го разгледаат текстот на Предлог-Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, доставен од Одделението за соработка со невладин организации и своите писмени забелешки да ги достават на nvosorabotka@gs.gov.mk до 23.4.2018 година.

2. Се формира работна група за изработка на Деловник за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во состав: Гордана Гапиќ – Димитровска – Министерство за информатичко општество и администрација; Уранија Пировска - Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје и Андреја Стојковски - Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк- Центар за европски стратегии Скопје. Во работа на работната група да учествува и претставник на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат.

3. Наредната седница на Советот да се одржи на 9.5.2018 година.

Седницата заврши во 10:00 часот.

Претседавач на конститутивната
седница на Советот за соработка со и
развој на граѓанскиот сектор

Јасна Мандиќ

Подготвил: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска